# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 13 октомври 1965
Скопје
Број 36 Год. XXI

Претплата за 1965 год. изнесува 2.500 дин. Овој број чини 48 дин. Жиро сметка број 401-1-698.


**353.**

Врз основа на член 21 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ОБРАЗУВАЊЕ СОВЕТ ЗА ИСЕЛЕНИЧКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

Член 1

Член 3 од Уредбата за образување Совет за иселенички прашања на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 34/65) се менува и гласи:

„Советот го сочинуваат претседател, потпретседател и десет членови".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-1180/2
29 септември 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

**354.**

Врз основа на член 6 од Законот за основање Виша школа за физичка култура („Службен весник на СРМ" бр. 27/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ МАТИЧНА КОМИСИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ РАБОТИ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ВИШАТА ШКОЛА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

I. Во Матичната комисија за извршување на подготвителните работи за почеток со работа на Вишата школа за физичка култура во Скопје се именуваат:

1. ВЛАДО ВАСИЛЕВСКИ, началник на Одделението за просвета и култура на Градското собрание — Скопје;
2. ДРАГОСЛАВ ВЕЉКОВИЌ, просветен советник во Републичкиот завод за унапредување на школството,
3. д-р РИСТО ЃОРЃЕВСКИ, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје;
4. ДИМЧЕ ЈАКИМОВСКИ, директор на Школата за физичка култура во Скопје;
5. д-р РИСТО КАНТАРЏИЕВ, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје;
6. СЛАВКО МАТОВСКИ, директор на Републичкиот завод за физичка култура;
7. ПАНТА ПОЛЕНАК, потпретседател на СТВ „Партизан" за Македонија;
8. АНДОН СИМОВСКИ, професор на Школата за физичка култура во Скопје;
9. д-р ДИМИТАР ТЕВЧЕВ, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје;
10. БЛАГОЈА ЦВЕТКОВСКИ, просветен советник во Републичкиот завод за унапредување на школството;
11. ДИМИТАР ШОПОВ, директор на Педагошката академија во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-2003/1
20 септември 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

**355.**

Врз основа на член 9 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање и стипендирање на студентите („Службен весник на СРМ" бр. 26/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДВА ЧЛЕНА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ И СТИПЕНДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ

I. Се именуваат за членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање и стипендирање на студентите:

1. ФАНА ТОЗИЈА, републички секретар во Извршниот совет на СРМ и
2. ДУШАН ШАРОВИЌ, помошник на директорот на Републичкиот завод за стопанско планирање.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 17-2242/1
6 септември 1965 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Никола Минчев,** с. р.

**356.**

Врз основа на членот 35 од Законот за промет на лекови („Службен лист на СФРЈ“ бр. 15/65), донесувам

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСТАНОВА ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ**

I

Испитување на лекови на територијата на Социјалистичка Република Македонија врши Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје.

II

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-3501/1
27 септември 1965 година
Скопје

Републички секретар
за народно здравје и социјална политика,
**Димитар Герасимовски**, с. р.

---

**357.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ**

ДО СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, од Општинската изборна комисија — Прилеп, ги прими изборните акти од дополнителните избори во изборната единица Ш за избор на пратеник во Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Во смисла на член 104, во врска со член 132, став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичката изборна комисија Ви го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА ПРИЛЕП — Ш

I. На 6 јули 1965 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе решение бр. 1380 со кое распиша дополнителни избори за избор на пратеник во Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Прилеп Ш.

П. Избор во Општинското собрание се одржа на 10 септември 1965 година.

Ш. Избор од страна на избирачите е извршен на 26 септември 1965 година.

IV. Во Општинското собрание од 92 (деведесет и два) од вкупно 120, за кандидатот Петрески Методиев Раско, од град Прилеп, гласале 89.

V. Во изборот од страна на избирачите од вкупно 7.401 запишани избирачи, за кандидатот гласале 4.912, а во целата изборна единица вкупно гласале 5.097.

Според горните резултати, во смисла на член 128 став 1 од Законот за избори на пратеници на Собранието на СР Македонија, за пратеник во Републичкиот собор во изборната единица Прилеп Ш е избран Петрески Методиев Раско од град Прилеп.

Името на кандидатот Републичката изборна комисија го објави согласно член 102 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија со објава бр. 33 од 15. IX. 1965 година во „Службен весник на СРМ“.

VI Изборите се извршени во склад со одредбите на Законот за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија и до денот на составувањето на овој извештај не се поднесени приговори или жалби, ниту пријави или предлози за покренување на кривична постапка.

VII. Општинската изборна комисија во Прилеп, го утврди резултатот од гласањето во изборната единица Прилеп — Ш на начинот предвиден со член 127—129 од Законот за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија и според утврдената состојба кандидатот ПЕТРЕСКИ МЕТОДИЕВ РАСКО од Прилеп го прогласи за избран и му издаде уверение.

Секретар,
**Никола Алексовски**, с. р.

Претседател,
**Киро Никовски**, с. р.

# *Огласен дел*

**РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ**

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, под рег. бр. 36, страна 148, книга I е запишано следното: Градската општа болница — Скопје е конституирана на ден 26. VIII. 1965 година, согласно одлуката бр. 2602/2 од 26. VIII. 1964 година на Здравствениот совет на Болницата.

Покрај досегашните потписници на Болницата и тоа: Тихомир Несторовски, директор, и Аргир Кузовски, шеф на сметководството, Болницата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат и новоназначените потписници· Душан Вуковиќ, секретар, и Марија Иванова, книговодител, сметано од 2. IX. 1965 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус бр 19/65. (1143)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. бр. 13, страна 49, книга I е запишано следното: Согласно

решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје број 10736 од 24. VII. 1958 година на Домот за народно здравје е одобрено конституирањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус бр. 33/65. (1144)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. бр. 13, страна 49, книга I е запишано следното: Согласно одлуката на Здравствениот совет на Домот за народно здравје Идадија — Скопје фирмата на Домот во иднина се менува и ќе гласи: Здравствен дом „Идадија" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 34/65. (1145)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите под рег. бр. 9, страна 33, книга I е запишано следното: На Градската поликлиника „Букурешт" — Скопје е одобрено конституирањето на 16. IX. 1965 година со записник бр. 01-1315/2 од 17. IX. 1965 година на Управниот одбор на истата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 32/65. (1146)

---

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 840, страна 1037, книга III е запишано следното: Досегашниот раководител на Претставништвото во Скопје на ул. „ЈНА" бр. 6-а на Претпријатието „Електроковина" — Марибор, Трендафилов Александар, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на претставништвото е назначен Тодоровски Благој. Тој претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, сметано од 11. II. 1965 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 91/65. (349)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 516, страна 1103, книга III, е запишана под фирма: „Центроколонијал" — трговско претпријатие за трговија со колонијални, прехранбени, индустриски, мешани и други стоки — Скопје — Продавница за самопослужување број 2 во Скопје (населба „Водно"). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на колонијално-прехранбени и мешани стоки.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на „Центроколонијал" — Скопје, со решението на Собранието на општината Идадија — Скопје број 04-17863 од 14. VIII. 1964 година.

Раководител на продавницата е Драган Пандилов.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 507/64. (1356)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 22. VI. 1964 година, рег. број 8/64, книга I, е запишана под фирма: Оптичка индустрија „Геталдус" од Загреб — Оптичка продавница во Битола. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на стоки од сопствено производство како и очила, рамки за очила, оптички елементи и разни инструменти, оптичко-фотографски апарати и прибор, а како дополнување на асортиманот и продажба на слични стоки од други производители.

Како споредна дејност: вршење услуги од оптичарска и прецизно механичка дејност.

Продавницата е основана од „Геталдус" од Загреб.

Раководител на продавницата е Ѓорѓи Домазетовски, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува препријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 236/64. (1384)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15. VIII. 1964 година, рег. бр. 1/60, книга I, е запишана под фирма: Работничка менза во Прилеп на Претпријатието „Победа" од Прилеп. Предмет на работењето на мензата е: вршење угостителски услуги само за членовите на работниот колектив на претпријатието.

Мензата е основана од Претпријатието „Победа" — Прилеп, а согласно со одобрението на Собранието на општината Прилеп.

Раководител на мензата е С. Димески, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 296/64. (1395)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 31. VII. 1964 година, рег. број 10/64, книга II, е запишана под фирма: Комунална банка, со седиште во Ресен. Предметот на работењето на банката е регулиран со Законот за банките.

Банката е основана од НО на општината Ресен.

Банката ќе ја потпишуваат директорот Теговски Миха и Пуцевски Љубин.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 288/64. (1396)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 273, страна 1073, книга I е запишана под фирма: Фабрика за шивачки машини „Владо Багат" од Задар — Продавница во Куманово, ул. „Народна Револуција" бр. 10. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на шивачки машини — сопствено производство, делови и прибор за истите, како и други производи од сопствено производство, курсеви за подучување за ракување со шивачки машини (ракување, шиење и кроење), вршење на сервисни услуги за шивачки машини.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Фабриката за шивачки машини „Владо Багат" — Задар, а согласно со решението на Собранието на општината Куманово број 04-15729/1 од 3. IX. 1964 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Милановски Александар Стојче, раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 512/64. (1401)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 787, страна 605, книга III, е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол" од Скопје — Бифе „Зора" во Скопје, ул. „Железничка" (спроти станицата). Предмет на работењето на би-

фето е: вршење угостителски услуги, а во рамките на одобрената дејност на работата на претпријатието.

Бифето е основано од Работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол“ — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Идадија — Скопје бр. 04-15471 од 10. VII. 1964 година.

Раководител на бифето е Даца Зејнел.

Бифето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 522/64. (1407)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 787, страна 605, книга Ш, е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол“ од Скопје — Бифе „Мала станица“ во Скопје, улица „Железничка“ (кај Мала станица). Предмет на работењето на бифето е: вршење угостителски услуги, а во рамките на одобрената дејност на работата на претпријатието.

Бифето е основано од Работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол“ — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Идадија — Скопје број 04-15472 од 10. VII. 1964 година.

Раководител на бифето е Даца Зејнел.

Бифето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 523/64. (1408)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 787, страна 605, книга Ш, е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол“ од Скопје — Бифе во Скопје, улица „Илинденска“ (во дворот на ОС Идадија). Предмет на работењето на бифето е: вршење угостителски услуги, а во рамките на одобрената дејност на работата на претпријатието.

Бифето е основано од Работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол“ — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Идадија — Скопје број 04-15468 од 10. VII. 1964 година.

Раководител на бифето е Челиков Миле.

Бифето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 524/64. (1409)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 787, страна 605, книга Ш, е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол“ од Скопје — Бифе „Газибаба“ во Скопје, улица „Беласица“ бр. 4. Предмет на работењето на бифето е: вршење угостителски услуги, печење на скара и др.

Бифето е основано од Работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол“ — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 03/1-1255 од 31. I. 1964 година.

Раководител на бифето е Димовски Коце.

Бифето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 525/64. (1410)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистерот на претпријатијата и дуќаните, рег. број 787, страна 605, книга Ш, е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол“ од Скопје — Бифе во Скопје, улица „Партизанска“ (до Техничкото училиште). Предмет на работењето на бифето е: вршење угостителски услуги, а во рамките на одобрената дејност на работата на претпријатието.

Бифето е основано од Работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол“ — Скопје, а согласно со решението на Собранието на општината Идадија — Скопје број 04-15469 од 10. VII. 1964 година.

Раководител на бифето е Бундовски Јане.

Бифето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 526/64. (1411)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 8, реден број 2 е запишано следното: Досегашниот директор на Трговското претпријатие на големо и мало „Снабдител“ од Берово, Пехчевски Димитров Јован, е разрешен од должност. За директор на претпријатието е назначен Кафеџиски Јованов Ефтим, кој ќе го потпишува и претставува претпријатието.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Народниот одбор на општината Берово број 01-2316/1 од 30. VII. 1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 213/62. (1536)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 334, реден број 11 е запишано следното: Во Деловното здружение на организациите за производство, егренирање и промет на памук и свилени кожурци „Југопамук“ од Струмица е зачленето и Земјоделското стопанство „Анска Река“ од Валандово.

Уписот е извршен во регистарот на основа одлуката на Работничкиот совет на Земјоделското стопанство „Анска Река“ од Валандово, Титоввелешко бр. 1126 од 17. VII. 1963 година и одлуката на „Југопамук“ од Струмица бр. 705 од 29. VII. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 124/64. (1537)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 112, реден број 2 е запишано конституирањето на Самостојното занаетчиско претпријатие за домашни ракотворби „Килимара“ од Делчево на ден 3.XI. 1963 година.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Отсекот за стопанство на Собранието на општината Делчево број 04-6189 од 17. X. 1963 година и решението на Советот за стопанство на Собранието на општината Делчево број 04-6663 од 14. XI. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 164/63. (1540)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 100, реден број 11 е запишано следното: Се проширува дејноста на Мешовитото трговско претпријатие на големо и мало „Задругар“ од Делчево и покрај досегашните дејности ќе се занимава и со продажба на сите видови гуми за моторни возила по номенклатурата за гумени производи согласно постојните прописи за работење со такви производи и тоа на големо и мало.

Проширувањето на дејноста е запишано во регистарот на основа одобрението на Отсекот за сто-

панство на Собранието на општината Делчево бр. 04-3401 од 15. VII. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 101/64. (1541)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 104, реден број 4 е запишано следното. Досегашниот директор на Занаетчиското претпријатие за производство на леб и печиво и продажба на месо „Осојница“ од Виница, Никола Симонов Гаврилов, е разрешен од должност. За в. д. директор е назначен Илиев Левтеров Ванчо.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Собранието на општината Виница број 01-3178/1 од 7. IX. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 160/63. (1550)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 197, реден број 3 е запишано следното: Досегашниот директор на Трговското претпријатие на големо „Нова трговија“ од Кочани, Мијалче Спиров Бојаџиски, е разрешен од должност. На негово место за директор е назначен Благој Гацов.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Собранието на општината Кочани број 01-6343/1 од 6. IX. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 146/63. (1551)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 159, реден број 6 е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Градежното претпријатие „Прогрес“ од Пробиштип, Петар Илиевски, е разрешен од должност. На негово место за директор е назначен Александар Викентиев Иванов.

Промената на директорот е запишана во регистарот на основа одлуката на Работничкиот совет на Претпријатието „Прогрес“ од Пробиштип број 1715 од 16. IX. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 131/64. (1553)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на страна 88, реден број 2 е запишано следното: Се става под принудна управа Земјоделската задруга „Злетовка“ од село Жиганци, Кочанско.

Досегашните овластени лица Димитровски Панов Тодор, управник, и Димитровски Павлов Митре, шеф на книговодството, престануваат да ја потпишуваат задругата. Задругата ќе ја претставува и потпишува принудниот управник Јовица Милосав Николиќ.

Уписот е извршен во регистарот на основа решението на Општината Кочани број 01-2731/1 од 28. III. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 60/64. (1554)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. број 41, страна 159 е запишано следното: Досегашниот присилен управник на Земјоделската задруга „Китка“ од село Четирце под присилна управа, Алексовски Симеон, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За присилен управник на задругата е назначен со решението на Собранието на општината Старо Нагоричане број 01-3686/1 од 19. VIII. 1964 година Љубомир Максимовски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 30. IX. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 561/64. (1606)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 260, страна 977, книга I е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Куманово број 04-15704/1 од 19. IX. 1964 година дејноста на Претставништвото во Куманово на Новинско издавачкото претпријатие „Борба“ од Белград во иднина се проширува и со: продажба на тутун и тутунски преработки, кибрит, марки и книжна конфекција.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 565/64. (1607)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 258, страна 955, книга I е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Куманово број 04-14395/1 од 10. X. 1964 година фирмата на Туристичкото биро — Куманово во иднина се менува и ќе гласи: Туристичко претпријатие „Глобус“ — Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 535/64. (1608)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. број 27, страна 103 е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Липково број 01-3677/1 од 3. X. 1964 година се менува фирмата и седиштето на Земјоделската задруга „Лирија“ од село Белановце и во иднина ќе гласи: Општа земјоделска задруга „Лирија“ во село Липково.

Со горе цитираното решение дејноста се проширува во иднина и со: отворање земјоделски станици, економии, откуп на земјоделски производи, набавка на средства за земјоделско производство, преработувачка на земјоделски производи, сточарство, пчеларство, лозарство, отворање продавници со индустриска стока, отворање продавници за продажба на зарзават, житарици и сите врсти семиња, отворање на занаетчиски работилници (пекарници, кланица со месарници, налбатници, шивачки, берберски), отворање на мензи, кафечајџилници, хотели со ресторани, превоз на разна стока со свои камиони и трактори за потреба на задругата, за свои членови и други потрошувачи. Освен наведените предмети на работењето задругата има право на купопродажба на големо и мало на земјоделски производи, градежни и огревни материјали, како и занаетчиски производи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 590/64. (1609)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 95, страна 259 е запишано следното: На досегашните потписници на Работничко-службеничкиот ресторан од затворен тип во Куманово на улица „ЈНА“ број 18 на Фабриката за трикотаж и конфекција „Киро Фетак“ — Куманово и тоа: Бојковски Петруш Драган, раководител, Петровски Стојан Душан, шеф на сметководството, им престанува правото за потпишување како и на Петрушевски Борис.

За нови потписници на ресторанот се назначени следните лица: Величковски Стојман Мирослав, раководител, Калинова Иван Ивана, шеф на сметководството на фабриката, и Бабуновски Јордан Илија, благајник на ресторанот, сметано од 13. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 581/64. (1610)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 804, страна 743, книга III е запишано следното: Досегашниот раководител на Градилиштето во Скопје на Градежното претпријатие „Крајина“ — Бања Лука, Ружидијиќ инженер Теуфик, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на градилиштето е назначен Трбојевиќ Божо, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано 7. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 575/64. (1620)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 351, страна 929 е запишано следното: Досегашниот потписник на Претпријатието за автомобилни гуми „Ауто гума“ — Скопје, Бузаџиќ Саво Златко, шеф на сметководството, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување

За нов шеф на сметководството на претпријатието е назначен Стојчевски Вицев Димитрија, примен со конкурс. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со старите регистрирани потписници и тоа: Атанас Стојановски, директор, Атанасовски Димче Славе, секретар, и Ѓуровски Сиљан Петко, технички раководител, сметано од 21. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 589/64. (1621)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 818, страна 871, книга III, е запишано следното: Досегашниот раководител на Складот во Скопје на Трговското претпријатие за промет со сите видови на градежни материјали „Леснина“ — Љубљана, Дејановиќ Пене, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на складот е назначен Златко Бузаџиќ. Тој складот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 22. IX. 1964 година

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 546/64. (1622)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 674, страна 973, книга II е запишано следното: Досегашниот раководител на Стовариштето во Скопје на „Леснина“ — трговско претпријатие за промет со дрво, дрвни производи и покуќанство — Љубљана, Пене Дејановиќ, е разрешен од должноста и му престанува правото за потпишување

За раководител на гореспоменатото Стовариште е назначен Златко Бузаџиќ Тој стовариштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 22. IX. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 547/64. (1623)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 736, страна 221 е запишано следното Досегашниот раководител на Продавницата во Скопје на „Леснина“ — трговско претпријатие за промет со дрво, дрвни производи и покуќанство — Љубљана, Пене Дејановиќ, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување

За раководител на продавницата е назначен Златко Бузаџиќ. Тој продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 22. IX. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 548/64. (1624)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 451, страна 1250 е запишано следното Согласно со решението на Собранието на општината Кале — Скопје број 04-1247 од 19. X. 1964 година дејноста на Погребалното претпријатие — Скопје во иднина се проширува и со: изработка на сандаци за умрени лица и вршење на столарски услуги на работните организации и граѓаните, изработка и продажба на надгробни венци, изработка и продажба на вештачки цвеќиња од пластични и други материи; печатење на погребни плакати и вршење печатарски услуги на работните организации и граѓаните; вршење превоз на умрените во градот и провинцијата со специјални коли; автомеханички сервис за одржување на сопствените коли и за вршење услуги на работните организации и граѓаните со вршење помали справки на моторните возила; да врши набавка и продажба на погребна опрема, преку основна продавница на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 606/64 (1625)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег број 516, страна 1103—1104, книга III е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 03/1-19797 од 7 X. 1964 година седиштето на Продавницата број 8 во Скопје на „Центроколонијал“ — трговско претпријатие за трговија со колонијално-прехранбени, индустриски, мешовити и други стоки — Скопје се преместува од улица „Индустриска“ во село Сингелиќ, Скопско.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр 583/64 (1626)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 516, страна 1486 е запишано следното: Седиштето на Продавницата број 39 во Скопје на Трговското претпријатие за трговија со колонијални прехранбени, индустриски, мешовити и други стоки „Центроколонијал“ — Скопје, согласно со решението на Собранието на општината Саат Кула — Скопје број 03/1-20119 од 15. X. 1964 година се преместува од Железарницата „Скопје“ — Скопје во населбата Сингелиќ, Скопје

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр 603/64 (1627)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. број 63, страна 804, книга I е запишано следното: Досегашниот управен одбор на Земјоделската задруга „Слога“ — Гевгелија е сменет и за членови на новиот управен одбор, согласно записникот од одржаниот состанок на Задружниот совет на ден 9. VII. 1964 година, се избрани следните лица: Ангов Васил, Чурлинов Васил, Бакарџиев Алекса, Бинев Ристо, Мицев Јован, Атанасов Киро, Косев Крсте, Точев Стојче и Стамов Ѓорѓи

Претседател на управниот одбор е Бинев Ристо

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр 577/64 (1631)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 67, страна 151 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Самостојниот занаетчиски дуќан — слаткара „Бистра“ од Гостивар, бидејќи со решението на Собранието на општината Гостивар број 01-3063/1 од 22. VI. 1964 година се припојува кон Угостителското претпријатие „Македонија“ — Гостивар

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 587/64 (1634)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег бр 188, страна 273 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговското претпријатие за промет со отпадоци „Суровина“ — Куманово, бидејќи со решението на Собранието на општината Куманово број 8211/1 од 16. VI 1964 година и решението на општината Идадија — Скопје број 17464 од 10. X. 1964 година е при-

поено кон Трговското претпријатие за промет со отпадоци „Отпад“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр, 604/64. (1635)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 828, страна 961, книга III е запишано следното: За в. д. управник на Ткаечницата за памучни ткаенини која се изградува во Гостивар, како посебен погон на Претпријатието за производство на памучно предиво, памучни и синтетични ткаенини во изградба „Скопје“ — Скопје е назначен Марјановиќ Владимир. Тој погонот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 3. XI. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 618/64. (1637)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег број 205, страна 625, книга I е запишано следното: Согласно со решението на Собранието на општината Куманово број 04-20101/1 од 27. X. 1964 година дејноста на Фабриката за производство на крупна кожа — Куманово се проширува и со: преработка на ситна кожа (јагнешка, овча, козја и друга ситна кожа од домашни и диви животни).

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 612/64. (1654)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 115, страна 305 е запишано следното: Досегашниот директор на Градежното претпријатие „Вардар“ — Неготино, Неделковски Крсто, е разрешен од должноста и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието е назначен Трајче Јованов. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Сотиров Методи, сметано од 16. X. 1964 година

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 586/64. (1655)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 213, страна 578 е запишано следното: Досегашниот директор на Угостителското претпријатие „Пролет“ — Неготино, Трајко Илов Панов, е разрешен од должноста и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на претпријатието е назначен Еделењи Иванов Фрањо. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите регистрирани потписници Родна Глигорова, книговодител, и Трајко Настев, сметано од 10. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 578/64. (1656)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 767, страна 455, книга III е запишано следното: Покрај досегашниот потписник на „Транскоп“ претпријатие за аутотранспорт и меѓународна шпедиција — Скопје, Садикарио Хаим, директор, претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и новоназначениот потписник Ивановски Атанас Иван, пом. генерален директор, кој претпријатието ќе го потпишува, сметано од 27. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 605/64. (1659)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 407, страна 329, книга II е запишано следното: Согласно со решението на Општината Гевгелија број 03-4319/1 од 27. XII. 1963 година со кое се одобрени Правилата на Живинарската фарма во Гевгелија фирмата на Птицеводната фарма во Гевгелија во иднина ќе гласи: Живинарска фарма — Гевгелија.

Со горецитираното решение и дејноста на Живинарската фарма во иднина е: производство на јајца и живина и живинско месо и преработка на јајца и живинско месо, производство на сточна храна, кооперација со стопанства, задруги, индивидуални производители на производство на јајца и живина, живинско месо производство на суровини за сточна храна и производство на храна; откуп на јајца и секаков вид живина и суровини за правење на сточна храна; промет со јајца и живинско месо и сточна храна.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 623/64. (1662)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. број 174, страна 467 е запишано следното. Досегашниот потписник на Хемиско електро-металургиткиот комбинат „Југохром“ од село Јегуновце Чујовиќ Ѓорѓи Димитрије, шеф на финансова оператива е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За потписници на комбинатот се назначени следните лица: Јовановски Миле Јован, истраживач, и Димовски Богдан Томислав, шеф на финансовото книговодство. Тие комбинатот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето со старите регистрирани потписници и тоа: Димитровски Глигоров Панче, финансиски директор, и Томе Софрониевски, директор, сметано од 26. X. 1964 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр 602/64. (1638)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29. X. 1964 година под рег број 190/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на продавницата број 1 во Битола на Фабриката за конзерви „Пелагонија“ од Битола и ќе гласи: продажба на деликатесни производи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 358/64. (1671)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29. X. 1964 година под рег. бр 190/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 2 во Битола на Фабриката за конзерви „Пелагонија“ од Битола и ќе гласи: продажба на деликатесни производи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр 359/64. (1672)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29. X. 1964 година под рег. број 190/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 3 во Битола на Фабриката за конзерви „Пелагонија“ од Битола и ќе гласи: продажба на деликатесни производи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 360/64. (1673)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29. X. 1964 година под рег. број 190/55, книга I е запишано следното Се проширува дејноста на Продавницата број 4 во Битола на Фабриката за конзерви „Пелагонија“ од Битола и ќе гласи: продажба на деликатесни производи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 361/64. (1674)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29. X. 1964 година под рег. број 190/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 5 во Битола на Фабриката за конзерви „Пелагонија“ од Битола и ќе гласи: продажба на деликатесни производи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 362/64. (1675)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 29. X. 1964 година под рег. број 190/55, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата број 6 во Битола на Фабриката за конзерви „Пелагонија“ од Битола и ќе гласи: продажба на деликатесни производи.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 363/64. (1676)

# КОНКУРСИ

Факултетскиот совет на Филозофскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

1. За еден наставник (во сите звања) по предметот Методика при Катедрата за јужнословенски јазици;
2. За еден наставник (во сите звања) по предметот Албански јазик;
3. За еден наставник (во сите звања) по предметот Историја на Византија; и
4. За еден асистент при Катедрата за педагогија.

Пријавите со кратка биографија и останатите потребни документи да се доставаат до Секретаријатот на Филозофскиот факултет во Скопје.

Конкурсот трае еден месец од денот на објавувањето. (1148)

Управниот одбор на Здравствениот дом — Прилеп

распишува

**КОНКУРС**

за специјализација на 2 стоматолози по специјалностите ортопедија со протетика

УСЛОВИ:

— завршен стоматолошки факултет,

— три години работен стаж како стоматолог,

— положен стручен испит,

— знаење на еден странски јазик.

Пријавените кандидати потребно е молбите со уверение за завршен стаж, потврда за работен стаж, свидетелство за положен стручен испит и потврда за знаење на еден странски јазик да ги доставуваат до Здравствениот дом — Прилеп.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето. (1149)

ЖЕЛЕЗНИЧКОТО ТРАНСПОРТНО ПРЕТПРИЈАТИЕ — СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на НРМ“ бр. 33/62) и член 37 од Правилникот за отстапување изградба на инвестициони објекти („Службен весник на НРМ“ бр. 31/63)

распишува

**КОНКУРС**

за оценување подобност на изведувачи за изградба на долниот строј на пругата Гостивар — Кичево, дел Зајас — Тајмиште, од км. 23 + 220 до км. 32 + 100.

Се повикуваат заинтересираните градежни претпријатија на Железничкото транспортно претпријатие — Погон за студии, проектирање и извршување на инвестиции — Скопје, да поднесат доказ за својата спремност за изведување на горенаведените работи.

За оценување подобноста за изведување на работите, заинтересираните градежни претпријатија треба да ги поднесат следните документи:

а) доказ за регистрација на претпријатието;

б) доказ за својот расположив капацитет за изградба на објектот (механизација, кадри и слично);

ц) доказ за свои референции за досега изградените вакви и слични објекти;

д) преглед на ангажираноста во технички работи; и

е) податоци за финансовата положба на претпријатието во последната завршна сметка.

Горните податоци да се доставаат на означената адреса до 30. X. 1965 година.

Ориентационата вредност на објектот е 2.714,000.000 динари.

Рок за извршување изградба на објектот е 1. X. 1966 година.

Информации во врска со конкурсот можат да се добијат на означената адреса писмено, усно и на телефон број 34-021 до 34-025 (лок. 216 и 212). (1150)

**СОДРЖИНА**

Страна

353. Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за образување Совет за иселенички прашања на Извршниот совет — — 873
354. Решение за именување Матична комисија за извршување на подготвителните работи за почеток со работа на Вишата школа за физичка култура во Скопје — — — — 873
355. Решение за именување два члена на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање и стипендирање на студентите 873
356. Решение за определување установа за вршење испитување на лекови — — — — 874
357. Извештај за резултатите од дополнителните избори за пратеник во Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во изборната единица Прилеп III — — — — — — — 874

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — Новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10-а. Пошт. фах. 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-698 при Народната банка — Скопје. Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје